Република Македонија
Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

2014

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2014 ГОДИНА



**СОДРЖИНА**


I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ .......... 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА .......... 4

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА .......... 4

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА .......... 4
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА .......... 5
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА .......... 6

IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА .......... 8

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ .......... 10

VI ПОЧЕТНА ОБУКА .......... 11

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА .......... 15

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ .......... 27

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .......... 34

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ .......... 37

XI БИБЛИОТЕКА .......... 38

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ .......... 39

XIII СТАТИСТИКИ .......... 41

XIV ЕВАЛУАЦИЈА .......... 43

XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО .......... 44




**Јануари 2014, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**
**www.jpacademy.gov.mk**

## I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (понатаму Академијата) продолжува да ја игра централната улога во професионалната обука и стручно усовршување на судиите и на обвинителите, во правец на унапредување на независноста, стручноста и компетентноста на правосудството во Република Македонија. Тоа го потврдува и ЕК во последниот извештај за напредокот на РМ за 2013 година.

Најзначаен настан во 2014 година, како признание за досегашната работа и достигнувања на полето на професионалната обука на правосудството, беше тоа што Академијата го доби и со гордост го носи името на познатиот деец, револуционер, доктор на правни науки и прв министер за правда на повоена Македонија, Павел Шатев.

Академијата во 2014 година продолжи успешно да ги остварува своите предвидени активности, во согласност со нејзината визија и мисија, на планот на унапредување на стандардите на обука, во согласност со современите принципи и стандарди на европските институции за обука и најновите документи на меѓународните организации во врска со обуката во правосудството.

Академијата целосно ја реализира Програмата за работа за 2014 година, како и законските надлежности во поглед на почетната и континуираната обука на судиите, обвинителите и другите целни групи, преку целосна реализација на годишните каталози за 2014 година, за обука на судиите, обвинителите и судско-обвинителската администрација, како и на планот на домашната и меѓународната соработка преку реализација на многубројни проекти.

Воедно, продолжи со јакнење на партнерството со институциите за обука на земјите од регионот и Европа во делот на имплементацијата на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обука, а продолжи и со реализација на уште една многу значајна дејност, а тоа е преведување и објавување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, како и на други релевантни меѓународни документи, издавање публикации и брошури, кои претставуваат значаен извор на знаење и градење на процесот на доживотно учење. Воедно, со континуираното членство во активностите на меѓународните тела и организации на Европската унија и Советот на Европа, и тоа ЕЈТН, Комитетот ГРЕКО при Совет на Европа, Советодавниот совет на европските судии (CCEC), Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ) и многу други, обезбедува компаративни информации и документи со кои се обезбедува квалитетно и ефикасно правосудство, а истите претставуваат и можност за промовирање на правосудниот систем на Република Македонија.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 88/2010, 166/2012 и 26/2013) го уредува работењето на Академијата како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и на јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, вршењето аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, како и работењето на органите на управување и финансирањето на Академијата.

Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2011, 20/2011 и 50/2012 и 76/2014) и подзаконските акти поблиску ги уредуваат внатрешната организација и начинот на вршење на сите сегменти од дејноста на Академијата.

## III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Во почетокот на 2014 година институциите застапени во Управниот одбор на Академијата назначија 9 нови члена во Управниот одбор поради завршување на мандатот на избраните членови. Новиот состав на Управниот одбор во текот на 2014 година одржа 10 седници на кои се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор, при што, по предлог на директорот, беа усвоени измени и дополнувања на повеќе подзаконски акти – правилници со кои поблиску се уредуваат одредени сегменти од работењето на Академијата, додека на предлог на Програмскиот совет на Академијата беа утврдени новата програма за почетна обука - практична настава и општите програми за континуирана обука на судиите и на јавните обвинители, како и за судските и јавнообвинителските службеници, за периодот 2015-2016 година.

Во првата половина на мај 2014, Управниот одбор донесе Статут за изменување и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/2014) со кој Академијата го доби името на истакнатиот македонски деец, истакнат правник, предан револуционер, прв доктор на правни науки и прв министер за правосудство во Владата на Федерална Македонија – Павел Шатев.

Управниот одбор на Академијата ги усвои Извештајот за работата на Академијата за 2013 година, завршната сметка за 2013, Програмата за работа во 2014 година, го донесе Планот за јавни набавки за 2014 година, ја дополни утврдената листа со предавачи на Академијата и утврди нова листа со ментори за спроведување на практичната настава 2014-2015 година, за 5. генерација на слушатели на почетна обука и други подзаконски акти, правилници и програми претходно усвоени од Програмскиот совет.

Во текот на 2014 година Управниот одбор ја следеше состојбата во врска со приемот на дополнителен број слушатели од 5. генерација на почетна обука во Академијата и редовно беше информиран за активностите иницирани од директорот на Академијата во насока на привлекување квалификувани кандидати, како и за сите тековни активности поврзани со дејноста и работењето на Академијата, врз чија основа Управниот одбор донесуваше заклучоци и одлуки од доменот на својата надлежност, разгледуваше понуди за проекти и даваше насоки за соработка со сродни институции, организации и здруженија од земјата и од странство.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата, постапувајќи во рамките на своите надлежности предвидени со Законот и со Статутот на Академијата, одржа 2 седници со кои претседаваше директорот на Академијата и на кои даде насоки и ги утврди:

-Предлогот на Програмата за приемен испит во Академијата за 2014 година;

-Предлогот на Програмата за почетна обука–практична настава во Академијата;

-Предлогот на Општата програма за континуирана обука на судиите и на јавните обвинители за 2015-2016 година;

-Предлогот на Општата програма за континуирана обука на судските и на јавните обвинители за 2015-2016 година; и

-Предлогот на Општата програма за континуирана обука на јавнообвинителските службеници.

Програмскиот совет континуирано работи на надградба и на унапредување на програмите за обука, наставните методологии и техниките во соработка со предавачите, менторите, директорот и стручната служба на Академијата, во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Општата програма за континуирана обука на судиите и на јавните обвинители за 2015-2016 беше подготвена врз основа на широка консултација со претставниците на највисоките правосудни институции со цел да бидат избрани теми кои ќе одговараат на актуелните потреби на судиите и на јавните обвинители, додека општите програми за судските и јавнообвинителските службеници беа подготвени врз основа на консултација со релевантните претставници на судската и на јавнообвинителска служба. Првпат, со

цел успешно детектирање на темите на обуките, кои одговараат на потребите на судиите и обвинителите, но и на потребите на правосудството, предложените теми на судиите и обвинителите беа одобрени од страна на Судскиот совет и од Советот на јавните обвинители на РМ, како и судовите и обвинителствата од повисоките инстанции.

Во новата Програма за почетна обука-практична настава 2014-2015, врз чија основа се обучува 5. генерација на слушатели на почетна обука, посебно и различно се дефинираат времетраењето и содржината на практичната настава за слушателите кои се определиле за судии (вкупно 5 слушатели), односно за слушателите кои се определиле за јавни обвинители (вкупно 8 слушатели).

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмата за работа на директорот, усвоена од Управниот одбор на Академијата, беше целосно спроведена во соработка со стручната служба. Како дел од редовните работни активности, во рамките на низата советувања, тркалезни маси, обуки и конференции кои беа организирани во периодот од јануари до декември 2014 година, во соработка со домашни и странски/меѓународни релевантни институции и проекти, на која учествуваа и излагаа национални и странски експерти, директорот имаше вкупно 44 поздравни и тематски обраќања.

Во својство на предавач, директорот на Академијата излагаше на повеќе актуелни теми посветени на одредени новини во законодавството на Република Македонија кои се однесуваа на новиот ЗКП, корупцијата, судирот на интереси, судската практика на Европскиот суд за човекови права, со осврт на одделни членови од Европската конвенција за човекови права, етиката и етичкиот кодекс, антикорупциските мерки, слободата на изразување, криминалот од омраза, семејно насилство итн. Промовира и неколку публикации, прирачници, збирки на документи и преводи на пресуди на ЕСЧП во соработка со УНДП и UN Woman, ОБСЕ и CCEC, како и Регионалната дата-база на судската практика на Европскиот суд за човекови права, на јазиците на државите од регионот, релевантна за државите од Југоисточна Европа, поддржана од центарот AIRE од Лондон.

Во рамките на Проектот на УСАИД за јакнење на судството, во насока на јакнење на институционалните капацитети на Академијата, беше изработен и стратегиски план за Академијата 2015-2017, во чија изработка директорот на Академијата активно партиципираше.

Со цел активна промоција на Академијата и на професиите судија и јавен обвинител во Република Македонија, во рамките на конференцијата „Пристап до правосудните професии“, која се одржа во Белград, директорот на Академијата имаше презентација на Програмата за почетна обука и условите за влез во Академијата, а учествуваше и на Пленарната седница на EJTN, чиј набљудувач е од 2007 година.

Директорот оствари работни состаноци со претставници на многубројни домашни и меѓународни институции, амбасади и проекти, со цел договарање проекти, размена на искуства, предавачи, организирање студиски посети и издавање публикации, односно со цел продлабочување на меѓународната соработка со правосудствата на голем број држави.

Потпишани меморандуми во текот на 2014 година:

- Во текот на 2014 година директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ склучи Меморандум за соработка со Нотарската комора на РМ, Комората на извршители на РМ, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Филолошки факултет „Блаже Конески“ и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Склучените меморандуми се во правец на продлабочување на меѓусебната соработка со наведените институции во постојаното стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, нотарите, извршителите и другите целни групи преку заедничко координирано дејствување во остварувањето на заедничките цели.

Во рамките на редовните работни активности, во Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа, во својство на шеф на делегацијата на Република Македонија во Комитетот ГРЕКО, директорот на Академијата, г-ѓа Арнаудовска, присуствуваше на 63-66 пленарни состаноци и во таа насока, во соработка со сите релевантни институции, особено Министерството за правда, судството и ДКСК, ги реализира активностите во правец на имплементација на обврските зададени на Република Македонија, во четвртиот круг на оцена на ГРЕКО.

Имено, со цел поголема промоција на работата на Комитетот ГРЕКО, а во насока на спроведување ефикасна борба против корупцијата во земјата, директорот на Академијата, г-ѓа Арнаудовска, одржа низа предавања на конференции одржани од Академијата, но и на покана на ДКСК, Собранието на РМ, каде што ги презентира сите актуелности поврзани со оваа тема, а воедно, дел од позначајните документи што произлегоа од состаноците на ГРЕКО беа преведени на македонски јазик и објавени на веб-страницата на Академијата.

Исто така, во период од 7 до 10 ноември 2014 година, како дел од евалуаторскиот тим, учествуваше во евалуацијата на напредокот на Република Црна Гора во рамките на 4. круг на оцена, во однос на судиите.

<u>CCEC- Советодавен совет на европските судии при Советот на Европа</u>

Директорот на Академијата, г-ѓа Арнаудовска, како член на работната група на CCEC, во 2014 година продолжи активно да партиципира во работата на ова тело на CoE. Имено, во септември 2014 година, со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ, во присуство на претседателот на CCEC, судијата Барт ван Лиероп од Холандија, во Скопје беше објавен и промовиран третиот том на публикацијата со наслов „Меѓународни документи за независно и ефикасно судство“, која претставува продолжение на претходните два тома од истоимената публикација, а која во себе содржи мислења на CCEC, референтни документи и релевантна судска практика на Европскиот суд за човекови права, преведени на македонски јазик.

За извештајниот период, директорот на Академијата, заради поголема транспарентност во работењето на Академијата имаше вкупно осум интервјуа, од кои 2 со МИА, за реализираните активности на Академијата и содржината на Годишниот извештај, заедничко интервју за „Дојче веле“ со д-р Марин Мрчела, претседател на Комитетот ГРЕКО за „Напредувањето на Македонија против корупцијата“, и интервјуа со „24 Вести“ , „Глас на Америка“, дневниот весник „Дневник“, порталот „Академик“ и со постојаниот дописник на МИА од Советот на Европа, г. Тони Гламчевски.

Во рамките на своите надлежности, директорот во текот на 2014 година донесе многубројни одлуки согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за јавни набавки, Законот за работни односи, Законот за државни службеници, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, Законот за платен промет, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Уредбата за канцелариско и архивско работење, како и други одлуки што произлегуваа од потребите за непречено одвивање на дејноста на Академијата.

Согласно Законот за државните службеници, директорот на Академијата вршеше и оценување на државните службеници, што со измените на Законот се врши на шест месеци или двапати годишно.

## IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата и во текот на 2014 година ги извршуваше сите активности и задачи неопходни за нејзино непречено функционирање, со што даде значителен придонес во остварувањето на сите планирани и зацртани цели од сите сегменти на работењето на Академијата, како и за нејзино институционално зацврстување во предлагањето и спроведувањето на сите програми, поддршка во остварување на надлежностите на органите и телата на Академијата, поддршка на предавачите и менторите како носители на едукативниот процес, организација на

студиски посети и обуки во странство, како и поддршка во организацијата на приеми на странски делегации во Академијата. Навремено беа извршени и сите обврски и приоритети што произлегуваат согласно прописите за работни односи, јавните набавки, буџетот, како и други активности со кои се овозможи унапредување на работата на Академијата.

Вработените во стручната служба со своето присуство и активното учество во креирање и реализација на обуките, низ непосредните контакти со предавачите, менторите и учесниците на обуките, ги стекнуваат информациите и сознанијата за корисноста на обуките и сè повеќе ја добиваат значајната улога на предлагачи и креатори на програмите за следните обуки.

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ**

Во насока на професионално надградување и стручно и ефикасно работење, а во согласност со Годишната програма на Академијата за обука на државните службеници, во текот на 2014 година вработените посетија повеќе обуки наменети за државни службеници, на тема „Управување со човечки ресурси како витална функција на стратешкото планирање“, „Запознавање со новите закони за јавна администрација“, „Управување со буџет и финансии“, „Основи на Европската унија“, „Административно работење“ и „Вовед во Е-влада“, организирани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во рамките на проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп“, раководителот на одделението за финансиски прашања беше учесник на еднодневна обука на тема „Кодекс за однесување кон лицата со инвалидност“, организирана од Министерство за труд и социјална политика во соработка со ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, и на петдневна обука за примена на Законот за јавните набавки, организирана од Бирото за јавни набавки, за лица определени од институциите со цел стекнување лиценца за овластено лице за јавни набавки, а учествуваше и на повеќе обуки поврзани со сметководственото и финансиско работење.

Покрај тоа, претставник на стручната служба и член на Работна група за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права учествуваше на работилница за подготовка на билатерален скрининг за темата судство организирана од Министерството за правда во соработка со асоцијацијата „Зенит и Конрад Аденауер“ и на 2 работилници за изработка на извештаи во рамките на работната група, организирани од Секретаријатот за европски прашања и ГИЗ.

Преку проектот за продолжување на активностите во рамките на проектот „Одржливо учење за ЕУ и систем за обуки“, претставник на стручната служба учествуваше на студиското патување во Брисел, втор модул од обуката „Правда и внатрешни работи- Судство “.

**УЧЕСТВО НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАЗНИ РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ**

Вработените во стручната служба на Академијата, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, зедоа активно учество во својство на членови на Работна група за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права (координатор – Министерство за правда) и на Работна група за поглавјето 3.7. од НПАА – Право на интелектуална сопственост (координатор – Државен завод за индустриска сопственост);

Во рамките на проектот за изработка на Стратегија со Акциски план за реформа на правосудниот испит, што се спроведува со поддршка на Европската комисија, од страна на министерот за правда на Република Македонија беа формирани 7 тематски работни групи, при што во 4 од нив се вклучени претставници на Академијата, и тоа директорот на Академијата е член на работните групи за судство и казнено-правен систем, раководителот на административниот сектор е член на работната група секторска политика и имплементација на правото на ЕУ, додека 1 претставник на стручната служба (информатичар) и 1 предавач на Академијата за областа ИТ-технологии се членови на работната група ИТ и Е-правда.

Исто така, од страна на министерот за правда беше формирана и работната група за подготвување на измените и дополнувањата на пакетот закони за судството, во која како членови беа вклучени директорот на Академијата и раководителот на административниот сектор.

## V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 2014 година во Академијата, покрај директорот, беа ангажирани вкупно 16 државни службеници, 2работници, еден ангажиран на проект и 3 (три) волонтери.

Од 5. генерација почетна обука за 2013/2015 година, 13 слушатели на почетната обука имаат засновано работен однос на определено време со Академијата за периодот за спроведување на почетната обука, како и за периодот по завршувањето на почетната обука сè до изборот на кандидатот за судија или јавен обвинител, за судија во основен суд, односно за јавен обвинител во основното јавно обвинителство.

Академијата во 2014 година ја реализира постапката за вработување 1 извршител на работно место:
– раководител на сектор за административни работи.

Графички прикажана, структурата на вработени во Академијата изгледа вака:




## VI ПОЧЕТНА ОБУКА

**Петта генерација слушатели на почетната обука 2013/2015 – вкупно 13 слушатели**

- **Теоретска настава**

**Теоретската настава** за петтата генерација слушатели на почетна обука почна на 11 декември 2013 година.

Согласно Програмата за почетна обука – теоретска настава, предавањата беа поделени во 3 модули во чии рамки се изучуваа различни целини на предмети.

Програмата за почетна обука-теоретска настава е целосно реализирана.

Бројот на часови по модули:


МОДУЛ 1
Управно право
Уставно право
Трговско право
Граѓанско право
30
15
15
60
195


МОДУЛ 2
Англиски јазик
Комуникациски вештини
Судска психијатрија
Судска медицина
Криминалистика
Кривично право
30
30
30
30
60
225


МОДУЛ 3
Реторика
Судска психологија
Етика
Право на ЕУ
Меѓународно право
15
15
30
60
60

За реализација на часовите беа ангажирани вкупно 81 предавач, и тоа:




По завршувањето на секој модул, слушателите на почетната обука полагаа тест за проверка на стекнатите знаења. Согласно резултатите од сите тестови беше изготвена конечна ранг-листа за успехот на слушателите на почетната обука во теоретската настава, по што беше спроведено определување на слушателите, за 5 (пет) судиски и 8 (осум) јавнообвинителски места. Согласно оваа определба продолжи специјализираната практична настава на слушателите на почетната обука.

**Практична настава**

Практичната настава започна на 15 септември 2014 година и ќе трае до 15 ноември 2015 година, по што слушателите ќе го полагаат завршниот испит.

Пред отпочнувањето на практичната настава, слушателите на почетната обука, како и претставници на институциите, застапени во Управниот одбор на Академијата и стручната служба на Академијата, предводени од директорот на Академијата, Анета Арнаудовска, во септември 2014 година престојуваа во официјална посета на Правосудната академија на Република Турција, како резултат на Меморандумот за соработка склучен помеѓу двете академии во 2011. Целта на посетата беше слушателите на почетната обука да се запознаат со правосудниот систем на Република Турција и особено со работата и организацијата на Правосудната академија на Република Турција.

Во насока на реализација на практичната настава беа донесени нов Правилник за почетна обука – практична настава („Службен весник“ бр. 136/ 2014 год.) и Програма за почетна обука – практична настава (бр. 02-364/6 од 5.09.2014). Согласно определбата на

слушателите на почетната обука, петмина ја започнаа наставата во основните судови во Скопје и во Велес, а осуммина во основните јавни обвинителства во Скопје, Струмица, Битола и во Гостивар, согласно нивното живеалиште.

За реализирање на практичната настава се ангажирани вкупно 64 ментори, од кои 7 судии од апелациските судови, 38 судии од основните судови, 8 јавни обвинители од вишите јавни обвинителства и 11 јавни обвинители од основните јавни обвинителства.




Согласно Програмата за почетна обука–практична настава, менторството за слушателите определени за судии се одвива на следниот начин:

- 10 месеци во основните судови (5 во граѓанска област и 5 во кривична област),
- 3 месеци во апелациските судови (1,5 месец во граѓанска област и 1,5 месец во кривична област),
- 1 месец во основните јавни обвинителства.

Менторството за слушателите определени за јавни обвинители се одвива на следниот начин:

- 10 месеци во основните јавни обвинителства,
- 1 месец во вишите јавни обвинителства,
- 2 месеца во основните судови (1 месец во граѓанска област и 1 месец во кривична област),
- 1 месец во Министерството за внатрешни работи (полиција).

Практичната настава се спроведува особено преку следниве методи и техники:

– присуство на судски расправи што ги води менторот, или друг судија;

- изготвување судски нацрт-одлуки, нацрт-обвиненија и други процесни акти;
- присуство на испитување на осомничени и сведоци кај јавниот обвинител и на главна расправа;
- присуство на истражни дејствија преземени од јавниот обвинител и преземање истражни дејствија под контрола на менторот – јавен обвинител;
- присуство при преземање на надлежностите на судијата за претходна постапка;
- присуство при одлучување на судијата/советот за испитување на обвинение;
- присуство и учество при спогодување;
- учество во симулирани судења;
- учество на студиски посети и обуки во странство.

Согласно Правилникот за практична настава, слушателите на почетната обука во текот на практичната настава имаат задолжителни активности што се оценуваат и што не се оценуваат. Во задолжителните активности што се оценуваат спаѓа изработката на граѓански и кривични пресуди, обвинителни акти, предлог-спогодби и решенија за отфрлање кривични пријави, како и реализација на симулирани судења во улога на граѓански и кривичен судија и јавен обвинител.

Во рамките на долгогодишната успешно воспоставена соработка на Академијата за судии и јавни обвинители со Државната правосудна академија – ЕНМ, Бордо, Република Франција, и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, претставници на 5. генерација слушатели на почетната обука во Академијата, предводени од ментор од практичната настава, присуствуваа на Европската недела на почетната обука која се одржа во Бордо, Република Франција, во периодот од 1 до 5 декември 2014 година.

Воедно, во 2014 година започнаа и подготовките за прием на шеста генерација кандидати на Академијата. За таа цел, во текот на 2014 година 32 предавачи на Академијата, определени од страна на Управниот одбор, работеа на изготвување база од 2 000 прашања и 500 студии на случај за приемниот испит, кој ќе се спроведе во текот на 2015 година за прием на нови слушатели. Прашањата и студиите на случај изготвени од страна на определените предавачи на Академијата се предмет на верификација од страна на Комисијата за верификација на прашањата и студиите на случај за приемниот испит во Академија.

## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше согласно Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и Годишниот каталог на активности за 2014 година, кој беше целосно реализиран.

Обуките беа фокусирани на најважните области на правото, како што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската практика, како и обуки за комплементарни вештини и специјализирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители според посебно дизајнирана програма за обука. Особен акцент беше ставен на обуките во областите и темите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), особено обуки во следните области: обуки за измените и дополнувањата на Законот за парнична постапка, на Кривичниот законик и на новиот Закон за кривична постапка, обуки за борба против организираниот криминал и корупцијата и финансискиот криминал, етика и судир на интереси, примена на Европската конвенција за човекови права, особено чл. 10, одделни области од правото на ЕУ итн.

Поголемиот дел од обуките што ги спроведе Академијата беа мултидисциплинарни, со интердисциплинарен состав на предавачите и на учесниците.

Оваа година се посвети особено внимание на подобрување на квалитетот на обуките преку акцентирање на практичниот аспект на наставата, подобрување на наставните материјали и со поголемо вклучување на судиите и обвинителите од повисоките инстанции.

**<u>БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2014 ГОДИНА</u>**

Во периодот од 1 јануари 2014 година до 31 декември 2014 година во организација на Академијата се реализирани вкупно 280 обуки, со учество на 7560 учесници, од кои 3844 беа судии, 1185 јавни обвинители, 961 стручен соработник од судовите и обвинителствата и 1570 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, невладин сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.



## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ

**Во 2014 година има вкупно 7560 учесници, од кои**




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 280 обуки во извештајниот период, 132 обуки се во самостојна организација на Академијата, додека 148 обуки Академијата ги организира во соработка и делумно или целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.




## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните обуки во извештајниот период, 69 се од областа на

граѓанското право, 117 од областа на кривичното право, 4 од областа на меѓународното право, 9 од областа на правото на ЕУ, 13 од областа на управното право, 10 од областа на трговското право и 50 обуки беа посветени на општи теми. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:




Во текот на 2014 година беа ангажирани вкупно 235 предавачи, од кои 138 домашни експерти и 96 странски експерти.




Од домашните експерти кои во текот на 2014 година зеле учество во својство на предавачи на обуките 40 се судии, 17 се јавни обвинители и 81 се други експерти, согласно областите што беа опфатени со обуките.




Во 2014 година продолжи ангажирањето на експерти од највисоко ниво – судии и јавни обвинители од други држави од највисоките инстанции, судии на врховните судови, уставните судови, државните јавни обвинителства, професори, судии на Европскиот суд за човекови права и други врвни експерти.

Покрај предавачите на Академијата, кои се на листата со постојани предавачи, Академијата ангажира и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки согласно НПАА, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профилот потребен за конкретната обука.

Академијата уште од самиот почеток развива систем на децентрализирана обука, што е широко поддржан од сите целни групи во регионите преку системот на ангажирање лица за контакт за обуките и присуство на обуките на еден вработен од стручната служба на Академијата.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 213 беа одржани во Скопје, 26 во Битола, 11 во Штип, 6 обуки во Гостивар, додека останатите 24 обуки се одржаа во други градови и места низ Република Македонија.




**КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ**

- **ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА**

Во текот на 2014 година беа организирани обуки за имплементација на ЗПП за судиите-поротници и судските службеници, додека за судиите од граѓанските оддели на судовите во соработка со TAIEX беше реализирана работилница на тема „Парничната постапка согласно националното законодавство на земјите-членки на ЕУ". За судиите од граѓанските оддели се одржа и советување на тема „Правен интерес за поднесување утврдителна тужба".

- **ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА**

Академијата, во соработка и со финансиска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Правната канцеларија на INL при Амбасадата на САД во РМ, и во текот на 2014 година целосно ја реализира Програмата на активности за примена на новиот Закон за кривична постапка, кој стапи во сила на 1.12. 2014 година.

Согласно Програмата за спроведување на обуките за новиот ЗКП **во текот на 2014 година** беа реализирани вкупно 24 напредни обуки, на кои присуствуваа вкупно 656 учесници, од кои 345 судии, 160 обвинители, 53 претставници од правосудната полиција и 86 адвокати по 4 напредни модули.

**Учесници на обуките за новиот Закон за кривична постапка**




Податоците што се добиени од евалуациите укажуваат за постоење задоволство кај учесниците на обуките од времетраењето на истите, од изборот на темите и нивната корист за учесниците, а особено позитивно беа оценети предавачите, во однос на кои оцени се даваат за: јасноста во презентациите, разбирливоста на инструкциите за вежби, употребата на визуелни средства, користењето практични примери, интеракцијата со учесниците, севкупно одличен концепт на предавање.

Од сите спроведени евалуации од поминатите обуки ЗКП во изминатите години, а согласно барањата на учесниците, како потребна и неопходна се наметна организацијата на обуки за новиот ЗКП и во 2015 година. Основа за утврдување на темите и поттемите на идните обуки, со оглед дека новиот закон е веќе во примена, се актуелните прашања од практичната примена, а кои беа детално изложени на тркалезната маса „Практична имплементација на ЗКП“, која се одржа на 15 октомври 2014 година.

- **<u>СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА – ЗА УПРАВНИОТ СУД И ВИШИОТ УПРАВЕН СУД</u>**

И во 2014 година Академијата продолжи со имплементацијата на Стратегијата за обука на Управниот суд, која произлезе од ИПА-проектот „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд“, со тоа што програмата беше приспособена на актуелните потреби на судиите и стручната служба на Управниот суд и Вишиот управен суд. Притоа, самостојно или во соработка со домашни и странски партнери (Комисија за заштита на конкуренцијата, Биро за јавни набавки, Управа за јавни приходи, Царинска управа на РМ, УНХЦР, Амбасадата на Франција во Република Македонија) беа организирани вкупно 16 специјализирани обуки за судиите и стручните судски службеници во Управниот и во Вишиот управен суд, кои тематски беа посветени на новините или примената на одделни закони од делокругот на надлежностите на управното судство (како Законот за јавните набавки, Законот за Катастар на недвижности, Законот за градење и Законот за бесправно изградени објекти,

изборното законодавство и други), а беа опфатени и теми од областа на правото на интелектуална сопственост, правото на азил, даночното и царинското право, правото на ЕУ и други теми од интерес за управното судство.

- **ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

Во текот на 2014 година Академијата, согласно обврските од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), продолжи со континуирана едукација на судиите и на јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост со цел, преку натамошно јакнење на свеста за значењето на правата од интелектуална сопственост и доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Во тој контекст, Академијата самостојно или во соработка со државни органи и институции вклучени во системот на заштита на правата од интелектуална сопственост организира 6 обуки посветени на различни аспекти на заштитата на правата од интелектуална сопственост, на кои учествувале вкупно 170 учесници од правосудството на Република Македонија, од кои 129 судии, 23 јавни обвинители и 18 стручни соработници од судовите и од јавните обвинителства, а една обука беше организирана во соработка со Американска стопанска комора во Република Македонија со тенденција во 2015 година да продолжи соработката на полето на обуки од областа на интелектуалната сопственост.

- **ОБУКИ ЗА СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА-ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО**

Во текот на 2014 година Академијата, самостојно и во соработка со Министерството за труд и социјална заштита и УНИЦЕФ, организира 14 обуки на тема „Стандарди за постапување со деца-жртви на насилство/техники за интервјуирање (сослушување) деца-жртви и сведоци на насилство“ и „Сослушување деца во судска постапка“. Овие обуки беа одржани во сите апелациски подрачја и имаа цел запознавање со законската регулатива и размена на искуства во врска со досегашната судска практика, форензични и психолошки аспекти за сведочењето на децата во судска постапка, општи насоки за интервјуирање и фази на интервјуто како стандарди за постапување со деца-жртви на насилство, како и запознавање со начинот на постапување со деца во судска постапка, психолошките аспекти на учеството на деца во судските постапки и креирање соодветна средина и услови за постапување со децата.

- **ОБУКИ ЗА ПОТКУП, КОНФИСКАЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА**

Во текот на 2014 година Академијата, самостојно и во соработка со други релевантни институции, организации и проекти, организира повеќе обуки од оваа област, од кои 2 на тема „Конфискација на имот и имотна корист – меѓународна и

национална легислатива/практични искуства“, 3 обуки на тема „Кривично-правни инструменти на ЕУ (со фокус на конфискација на имот и имотна корист, неосновано збогатување, одговорност на правните лица и борбата против корупцијата, економскиот криминал и перење пари)“ , 1 обука на тема „Поткуп, противзаконито посредување“ и 1 конференција на тема „Борба против корупцијата“, на кои учествувале судии, јавни обвинители и претставници од Агенцијата за управување со конфискуван имот, Управата за јавни приходи и адвокатурата.

## ➢ ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Следејќи ги препораките на ГРЕКО (Група држави за борба против корупција) во однос на четвртиот круг на евалуација што се однесува на превенција на корупција на пратениците, судиите и на јавните обвинители, во подготовка на Република Македонија за евалуациска мисија на ГРЕКО, Академијата во 2014 година организира 2 обуки за судиите и јавните обвинители, 2 обуки за судските и јавнообвинителските службеници и 1 обука за судиите-поротници, на теми поврзани со етика, етичко однесување, спречување судир на интереси и антикорупциски мерки, односно превенција на корупција и борба против корупцијата, и тоа:

- 1 обука за судии од кривичните оддели и јавни обвинители на тема „Превенција и борба против корупција, судир на интереси“, на која учествувале 26 учесници од сите апелациски подрачја;

- 1 обука за судии и јавни обвинители на тема „Етика во правосудството“, на која учествувале 19 учесници од сите апелациски подрачја;

- 2 обуки за службеници на тема „Судир на интереси/Антикорупциски 2 обуки за службеници на тема „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“, на кои учествувале 33 судски и јавнообвинителски службеници;

- 1 обука за судиите-поротници на тема „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“, на која учествувале 24 судии-поротници.

## ➢ ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### Обуки за примена на член 10 од ЕКЧП – слобода на изразување

Заради соодветна примена на стандардите на Европскиот суд за човекови права во случаите на граѓанска одговорност за клевета и навреда, во текот на 2014 година Академијата организира специјализирани обуки за 50 судии од граѓанските оддели на судовите надлежни да постапуваат по предметите од оваа област. Во рамките на оваа специјализирана обука, во текот на 2014, 8 обуки се спроведоа како обуки со задолжителен карактер за наведената целна група, од кои 4 беа во самостојна

организација на Академијата, 2 во соработка со Советот на Европа, додека 1 беше во соработка со Француската правосудна академија и на неа присуствуваа, покрај судиите што постапуваат во соодветните предмети, новинари и адвокати, и 1 во соработка со ЗНМ на која покрај судиите присуствуваа и судски соработници и новинари.

Покрај наведените 8 обуки, Академијата во соработка со Советот на Европа реализира Регионална конференција на тема „Член 10 од ЕКЧП и регионалните искуства“ со 96 учесници, домашни и од регионот.

Објавувањето на преведените пресуди на ЕСЧП од оваа област на веб-страницата на Министерството за правда и Академијата е во правец на доближување на практиката на ЕСЧП до судиите кои имаат надлежност да постапуваат во соодветните предмети и воедно ќе придонесе за правилна примена на новиот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

**Обуки за член 3 и член 5 од ЕКЧП**

За примена на член 3 и член 5 од ЕКЧП беа организирани обуки за јавните обвинители и за судиите од кривичните оддели на судовите на следните теми: „Член 3 од ЕКЧП со акцент на позитивните обврски на државата“ и „Мерката притвор во согласност со ЕКЧП (член 5)“.

**Обука за член 6 од ЕКЧП**

За примена на член 6 од ЕКЧП беше организирана обука на тема „Член 6 од ЕКЧП од аспект на правната сигурност-воедначување на судската практика“ наменета за судиите од граѓанските оддели и одделите за трговски спорови.

**Други обуки за ЕКЧП**

Во соработка со Советот на Европа, Македонското здружение на млади правници и Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, беше организирано советување на тема „Правото да се напушти државата во контекст на Европската конвенција за човекови права (член 2.2 од Протоколот 4, член 13 и 14 од ЕКЧП)“ наменето за судиите на Управниот суд, Вишиот управен суд и Основен суд - Скопје 2.

- **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

Во рамките на Специјализираната програма за обука на новоизбрани судии и јавни обвинители во текот на 2014 година се спроведени: 1 дводневна обука за модул казнено право, на тема „Раководење со главен претрес и пишување одлуки/обвиненија“ и 1 дводневна обука според модулот општи теми, како и 1 обука за новоизбрани јавни обвинители и обвинители со стаж до 3 години на тема „Владеење со вештините за водење кривична постапка со интегритет во службата“ (во соработка со американската амбасада-Проект ИНЛ).

Покрај тоа, беа спроведени 2 дводневни обуки за пишување пресуди со фокус на образложението на пресудата, од кои едната за граѓанските судии со стаж до 5 години, а другата за кривичните судии со стаж до 5 год.

## ➢ <u>СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ</u>

Во рамките на Специјализираната програма за обука за претседатели на судови во текот на 2014 година, во организација на Академијата, се спроведени четири обуки на следните теми: „Примена на судскиот деловник“; „Комуникациски вештини, односи со јавност“; „Документите на CEPEJ за управување со времето во судските постапки/Компаративна пракса“ и „Практична имплементација на Закон за извршување“ со учество на претседатели од сите апелациски подрачја.

## ➢ <u>ОБУКИ ЗА ОБУЧУВАЧИ</u>

Во текот на 2014 година организирана е една тридневна обука за обучувачи, која е реализирана во соработка на Академијата со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Тема на обуката беше „**Справување со криминал од омраза**“ и истата беше наменета за постојаните предавачи во почетна и континуирана обука на Академија за судии и јавни обвинители.

## ➢ СУДИИ-ПОРОТНИЦИ

Исполнувајќи ја и законската обврска, согласно член 42 од Законот за судови, како и согласно Препораките на ГРЕКО во 4. круг на оцена, судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од страна на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во периодот од 1 јануари до 31 декември 2014 година организира 11 обуки наменети за судиите-поротници, и тоа на следните теми:

1. **„Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“,** одржана 1 обука, со учество на вкупно 24 судии-поротници од апелациско подрачје Скопје, од кои 14 судии-поротници беа од Основен суд Скопје 1 и 10 судии-поротници од Основен суд Скопје 2.
2. **„Имплементација на новиот ЗКП“,** одржани се 5 обуки со учество на вкупно 124 судии-поротници, од кои 52 поротници беа од апелациско подрачје Скопје, 17 судии-поротници од апелациско подрачје Битола, 36 судии-поротници од апелациско подрачје Штип и 19 судии-поротници од апелациско подрачје Гостивар.
3. **„Имплементација на ЗПП“,** одржани се 5 обуки со учество на вкупно 123 судии-поротници, од кои 51 судија-поротник од апелациско подрачје Скопје, 28 судии-поротници од апелациско подрачје Битола, 20 судии-поротници од

апелациско подрачје Штип и 24 судии-поротници од апелациско подрачје Гостивар.

## ➢ ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во текот на 2014 година Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ продолжи со стручно усовршување на судските и јавнообвинителските службеници (согласно член 68 и 69 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители), кои имаат свој значаен придонес во успешното работење на судовите и на јавните обвинителства.

Обуките за судските и јавнообвинителските службеници опфаќаа разни целни групи, и тоа: стручната служба во судовите и во обвинителствата, раководните службеници и стручно-административни работници, како и судската полиција.

Согласно Програмата и Каталогот за обука на судските и јавнообвинителските службеници, во 2014 година се спроведени вкупно 23 обуки на следните теми:

- Концепт на антидискриминација,
- Примена на Законот за управување со движењето на предметите,
- Работа на судските службеници (согласно Судски деловник, „Сл.весник“ 66/2013),
- Работата на работните тела по Законот за управување со движење на предмети,
- Права и обврски на судските службеници по Законот за судска служба и Законот за работни односи,
- Примена на Законот за судска служба,
- Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс,
- Изработка на извештаи преку програмата АКМИС – практика и недостатоци,
- Достава на судски писма, согласно Законот за парнична постапка и Законот за кривична постапка со практични примери,
- Комуникација со странки, работа на канцеларијата за односи со јавноста, анонимизација на одлуките,
- Постапување по претставки и предлози,
- Наплатување судска такса и извршување санкции согласно Судскиот деловник и Законот за судски такси,
- Постапување на судските службеници во примена на материјално и процесно право,
- Раководење и управување согласно Законот за судска служба,
- Материјално, финансиско и канцелариско работење,
- Извршување попис и изработка на пописни листи.

## ➢ БРОЈ НА ОДРЖАНИ ОБУКИ ЗА СУДСКИТЕ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО 2014 ГОДИНА

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2014 година во организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ се реализирани вкупно 23 обуки за судските и јавнообвинителските службеници, со учество на 594 учесници, во

тесна соработка со Здружението на судска администрација и Советот на судската служба.




Академијата и во 2015 година ќе продолжи со организирање семинари и обуки кои се од важност за администрацијата, со цел да се зголеми квалитетот на работењето на судската и на јавнообвинителската служба.

- **СУДСКА ПОЛИЦИЈА**

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2014 година во организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ е реализирана 1 обука за судската полиција, со учество на вкупно 17 учесници од апелациско подрачје Скопје на тема:

1. **„Прописи по кои работат судските полицајци со посебен осврт на работа со странки“.**

## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Соработката со домашни органи, институции, организации и здруженија, која Академијата ја воспостави на самиот почеток на своето функционирање, со несмален интензитет се одвиваше и во текот на 2014 година. Академијата со успех продолжи со соработката со институциите претставени во Управниот одбор, Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, како и со другите министерства, државни органи и институции, правните факултети, Адвокатската комора на РМ, Нотарската комора, невладиниот сектор.

**ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2014 ГОДИНА**

Воспоставената соработка продолжи и со странските проекти, кои со финансиска и техничка поддршка овозможија организирање многубројни работилници, тркалезни маси, семинари, студиски престои:

- ЕИПА
- Амбасадата на САД во Република Македонија – ИНЛ
- УСАИД, Проектот за јакнење на судството

- Британската амбасада
- Инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската комисија – TAIEX
- Германското друштво за меѓународна соработка - ГИЗ
- Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото
- Центарот за меѓународна правна соработка (ЦИЛЦ) од Кралството Холандија
- Амбасадата на Р. Франција и Правосудна академија на Р. Франција
- Британскиот совет
- Германската фондација за меѓународна правна соработка - ИРЗ
- Советот на Европа
- АБА РОЛИ
- УНХЦР
- Совет на Европа
- ИПА
- ВИНПРО.

## ➢ **<u>БРИТАНСКИ СОВЕТ</u>**

Во рамките на соработката со Британскиот совет, а со поддршка на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, за судиите и за јавните обвинители од сите апелациски подрачја, Академијата во ноември спроведе преттестирање за утврдување на степенот на познавање англиски јазик. Поради зголемениот интерес, беа формирани 5 групи, полагањето се одржа во Скопје, Битола и во Штип, а испитот го полагаа повеќе од 77 судии и јавни обвинители кои веќе имаа одредени познавања од англиски јазик. Евалуацијата од спроведеното преттестирање ќе послужи за процена на потребите за креирање модули за електронски курсеви за унапредувањето на степенот на познавање на англискиот јазик на ниво со кое ќе се овозможи полесно да се стекнат меѓународно признаени сертификати, согласно Законот за судовите.

## ➢ **<u>НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ – ОДДЕЛОТ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО</u>**

Како и во претходните години, и во 2014 Академијата ја продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и тоа обработувајќи две портфолија: првото за антидискриминационото законодавство и концептот на еднаквост, а второто за криминалот од омраза.

Во рамките на соработката во делот за заштита и спречување дискриминација беа организирани четири правни семинари со околу 100 учесници – граѓански судии,

претставници на Комисијата за заштита и спречување дискриминација и адвокати. Темите беа посветени на директната дискриминација како најчеста форма во нашето општество, индиректната дискриминација, товарот на докажување и судската практика на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и Судот на правдата на ЕУ во Луксембург. Група експерти и едукатори на Академијата изработија Практикум со формати за тужба, одговор на тужба, првостепена пресуда, жалба, одговор на жалба и второстепена пресуда, работејќи на однапред подготвен случај за директна дискриминација во делот на работните односи. Со оглед на позитивните резултати од активностите, а и на развојот на домашната судска практика, веќе е планирана и начелно е договорена и соработката за 2015 година.

Во делот на соработката посветен на криминалот од омраза беа организирани четири обуки за кривичните судии и јавни обвинители за секое апелациско подрачје одделно, и тоа: една обука за скопското и гостиварското апелациско подрачје се одржа во Маврово, една обука за битолското апелациско подрачје се одржа во Битола, додека пак обуката за штипското апелациско подрачје се одржа во Струмица. На овие обуки учествуваа вкупно 80 учесници. Овој проект беше оценет како многу важен за подигање на свеста за овој негативен општествен феномен и истиот беше заокружен со поддршка во одбележувањето на 16 ноември како Меѓународен ден на толеранцијата преку организација на еднодневна трибина во Македонската академија на науките и уметностите.

Академијата и Мисијата на ОБСЕ и во 2015 ќе продолжат да соработуваат на полето на обуки од областа на криминалот од омраза, со посебен фокус на измените на членот 39 став 5 од Кривичниот законик на РМ и негова соодветна примена во кривичните постапки, како од страна на јавните обвинители така и од страна на судиите.

- **<u>АМЕРИКАНСКАТА АДВОКАТСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО (АБА РОЛИ)</u>**

Во соработка и со финансиска поддршка од Американската адвокатска асоцијација за владеење на правото (АБА РОЛИ), како и во соработка со Адвокатската комора на Република Македонија, во текот на 2014 година Академијата организира 4 работилници во вид на симулирано судење за новиот Закон за кривична постапка на кои учествуваа вкупно 37 учесници - судии кои работат на кривична материја, јавни обвинители и адвокати, кои преку вежби ги разработија и ги анализираа сите аспекти и практични вештини поврзани со новиот Закон за кривична постапка.

## ➢ СОВЕТ НА ЕВРОПА

И во 2014 година Академијата ја продолжи успешната континуирана соработка со Советот на Европа што ја воспостави уште во 2007 година.

Овој пат членот 10 од Европската конвенција и слободата на изразување беше главна тема за организирање на класичните обуки и конференции, но на почеток би сакале да истакнеме дека првпат Академијата организира и воспостави онлајн комбинирана (blended) обука за антидискриминација и концептот на еднаквост. Оваа активност беше организирана во соработка со HELP Програмата на Советот на Европа и опфати неколку посебни настани: обука на национален ментор (тутор) за ваков тип учење, која се одржа во текот на февруари во Стразбур, промотивен настан за домашните судии, кој се одржа на 31 март во просториите на Академијата со присуство на претставници на Советот на Европа, учество на меѓународна конференција посветена на HELP Програмата на Советот на Европа, која се одржа на 16 јуни во Стразбур, понатаму, подготовка на модулот за комбинирано учење и полагање за сертифицирање на обучувач за ваков метод на обука, која се одржа во текот на ноември 2014 година. Во рамките на оваа активност учествуваа повеќе од 20 домашни учесници, од кои 10-мина се пријавија да ја поминат оваа компјутерски базирана обука за антидискриминационото законодавство. Оваа активност сè уште не е завршена и ќе продолжи во текот на 2015 година, за кога е најавена и посета на раководните лица на програмата HELP при Советот на Европа.

Што се однесува до активностите поврзани со членот 10 од ЕКЧП, тие беа организирани и спроведени со регионалната канцеларија на Советот на Европа во Белград, при што беа реализирани две дводневни обуки за судиите што работат на оваа материја со предавачи ангажирани од страна на Советот на Европа. Финале на овој дел од соработката беше организацијата на регионалната конференција што се одржа од 4 до 6 декември во Скопје, со 96 учесници, од кои 46 беа судии, претставници од земјите во регионот.

## ➢ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОРГАНИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СООДВЕТНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ЗАДРЖАНИ И ОСУДЕНИ ЛИЦА – Чл. 2,3 и 5 ОД ЕКЧП

Академијата во текот на 2014 година оствари успешна соработка со Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје во рамките на двегодишниот проект „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на Законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица“, кој се состои од две компоненти кои одделно се фокусираат врз прашањата поврзани со полицијата и затворите, насочени кон развивање на капацитетите за обезбедување професионализам на полициската служба за гарантирање на фундаменталните права преку ефикасна и одговорна регулаторна и оперативна рамка и јакнење на организациските и управувачките

капацитети на пенитенцијарниот систем во земјата со цел да се обезбеди целосна заштита на човековите права при постапувањето со притворени и осудени лица.

Во рамките на оваа соработка беа реализирани вкупно 8 настани, од кои 6 советувања и 2 тркалезни маси и учество зедоа над 70 учесници (судии, јавни обвинители и адвокати) номинирани од страна на Академијата и истите беа посветени на следните теми „Јакнење на координацијата во борбата против неказнивоста во врска со наводите за повреди на човековите права и несоодветното полициско постапување", „Подобрување на постапувањето со лицата на кои им е ограничено правото на слобода на движење", „Улогата на затворскиот инспекторат и јакнење на координацијата помеѓу внатрешните и надворешните тела за инспекција на казнено-поправните установи", како и „Претставување на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем и нејзиниот Акциски план".

- ***УНИЦЕФ***

Во 2014 година Академијата во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје спроведе проект за јакнење на капацитетите и вештините на домашните судии и јавни обвинители во делот на сослушување дете во судска постапка. Во рамките на овој проект беа реализирани четири дводневни обуки во периодот помеѓу 26 јуни и 5 јули, со повеќе од 80 учесници. Сите обуки беа организирани во Битола, при што учесниците имаа можност да ја посетат и специјалната просторија за сослушување деца во судска постапка која се наоѓа во просториите на СВР-Битола, опремена со помош на УНИЦЕФ и која ги исполнува сите стандарди предвидени со новиот Закон за правда за децата и со меѓународните конвенции кои ја регулираат оваа материја.

Овој проект, иако беше реализиран во многу краток период, од страна на учесниците кои се сретнуваат со малолетни учесници во судска постапка беше оценет како многу корисен. Проектот претставува продолжение на успешната соработка што Академијата уште во 2008 година ја воспостави со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје.

- ***УНДП***

Академијата во рамките на проектот имплементиран во соработка со УНДП и со финансиска поддршка од Кралството Холандија: „Превенција од семејно насилство преку компетентни национални институции и одговорен и транспарентен судски систем 2012 – 2014", во текот на 2014 година реализира вкупно 4 советувања, по едно за секое апелациско подрачје, на тема: „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство". Беа обучени вкупно 126 судии и јавни обвинители кои постапуваат по предметите на семејно насилство од граѓански и кривичен аспект. Исто така, како резултат од одржаните советувања предавачите на Академијата изработија

Прирачник кој ќе им служи како водич на судиите и на обвинителите при справување со случаи на семејно насилство.

Исто така, во рамките на оваа соработка за практичарите беше организирана и тркалезна маса која се реализира веднаш по донесувањето на новиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

- **ПРОГРАМАТА ИНЛ (БИРО ЗА МЕЃУНАРОДНА БОРБА ПРОТИВ НАРКОТИЦИ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ) ПРИ АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Правната канцеларија на ИНЛ при Амбасадата на САД во Скопје во текот на 2014 година продолжи со поддршката на настани кои се однесуваат на реформите на кривичното законодавство. Особено е значајна поддршката во делот на обуките, во чии рамки беа одржани следните настани:

- Искуствата на САД со казнената реформа и придобивки за Република Македонија,
- Примена на новиот ЗКП, работилница организирана во рамките на програмата за партнерство меѓу судиите на САД и РМ,
- Конференција за борба против корупција: судска етика и превенција и гонење на случаи на корупција,
- Алтернативи на казната затвор: општокорисна работа и останати алтернативни мерки,
- Владеење со вештините за водење на кривичната постапка со интегритет во професијата.

Во рамките на оваа соработка се оствари и посета на судии-ментори од САД на Република Македонија, кои ја следеа примената на новата акузаторна кривична постапка (ЗКП). При оваа посета тие остварија средби со судиите од Македонија.

Судии и јавни обвинители од Република Македонија имаа можност да присуствуваат на регионална конференција за правосудството, одржана во Дубровник, на тема „Вештина на водење судски постапки“.

- **СОРАБОТКАТА СО УСАИД**

Во рамките на Програмата за континуирана обука на судиите, во соработка со Проектот на УСАИД, беше организирана специјализирана работилница за судиите од граѓанските оддели на тема „Пишување судски пресуди“.

Исто така, Проектот на УСАИД за јакнење на судството ја поддржа активноста за подготовка на Стратегиски план на Академијата, за што беа организирани тридневна работилница и еднодневни работни средби со претставниците на консултантската фирма ангажирана од нивна страна и стручната служба на Академијата.

- **ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ**

Во рамките на извештајниот период Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, ги реализира следните активности: Промоција на „Водич за членот 5 од ЕКЧП“ и на „Извештајот од истражувањето за позитивните обврски согласно членот 10 од ЕКЧП“, превод на македонски јазик. Исто така, во рамките на оваа соработка во текот на 2014 година беа реализирани 2 советувања на тема „Влијанието на европското право врз националното законодавство“, компаративни искуства и „Евалуација на судиите и јавните обвинители“. На сите настани присуствуваа над 150 учесници, меѓу кои: судии, јавни обвинители, адвокати, претставници од министерствата и на останатите институции што се сретнуваат со прашањата кои беа предмет на погоренаведените обуки.

- **ЗАШТИТАТА НА СВЕДОЦИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА (WINPRO II)**

Соработка во кривичната правда: Заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал и корупцијата (WINPRO II), проект финансиран со ИПА 2012 повеќекорисничката програма. Земји-учеснички се Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора, Македонија и Србија. Во рамките на овој проект се спроведуваат четири вида активности, и тоа балканската мрежа на одделенијата за заштита на сведоци и меѓународната соработка; прашањата од законодавството и судството и обвинителството; организацискиот развој и обуката; и меѓуинституционалната соработка.

Во текот на 2014 година Академијата, во рамките на соработката со проектот WINPRO, реализира курс за процена на клиент, на кој покрај 4 јавни обвинители од Македонија присуствуваа и јавни обвинители од Србија. На работилницата на тема „Заштита на сведоци“ учествуваа 17 судии и јавни обвинители. На обуката за процена на ризик учествуваа 6 јавни обвинители, заедно со обвинители од Босна и Херцеговина. На обуката за процена на клиент учествуваа 4 јавни обвинители заедно со полициски службеници за истраги. Овие обуки ќе продолжат и во 2015 година.

- ***ЕВРОПСКА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ***

Во 2014 година се реализира и проект целосно финансиран и во соработка со Европската банка за обнова и развој. Проектот се однесуваше на основните

сметководствени вештини за стечајните судии, а се состоеше од низа активности за подготовка и реализација на две обуки за стечајните судии, кои се одржаа во Охрид и во Битола со вкупно 55 учесници од сите четири апелациски подрачја. Вредно е да се напомене дека со оглед на специфичноста на темата, Академијата заедно со канцеларијата на KPMG во Скопје организира работни средби за оцена на потребите и детектирање на најслабите точки во читањето на финансиските извештаи на стечајните судии, кои беа основа за дизајнирање на дводневната агенда за овие обуки. Темите целосно беа разработени и презентирани од страна на економски експерти кои работат во KPMG. Покрај овие две класични обуки, како последна активност од проектот, во текот на февруари 2015 ќе биде промовиран и e-learning модул за учење за стечајните судии, кој ќе биде достапен на веб-страницата на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“.

- ***РЕГИОНАЛНИОТ ИПА 2010-ПРОЕКТ ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА: ЈАКНЕЊЕ НА ЈАВНО-ОБВИНИТЕЛСКАТА МРЕЖА***

Во рамките на соработката на Академијата со регионалниот ИПА 2010-проект „Борба против организираниот криминал и корупцијата: јакнење на јавнообвинителската мрежа“, во 2014 година беше реализирана дводневна регионална конференција на која учествуваа 60 учесници, судии, јавни обвинители и инспектори кои секојдневно работат на ваков вид истраги, на тема: **„Перење пари и истраги поврзани со корупција“,** при што беа разработени следните теми**:** Договори, Конвенции за перење пари и корупција во Европа и пошироко, ФАТФ и МАНИВАЛ и нивните извештаи, Меѓународна правна соработка, Развој во меѓународното право, Стратегии за истраги и судско гонење на сложени финансиски случаи.

Целта на оваа обука беше да се подобри толкувањето на договорите и конвенциите за време на меѓународните истраги и судења за да се добијат докази и да се конфискуваат криминалните добра, да се пренесат познавања за развојот на криминалот на полето на перење пари на меѓународно ниво, да се истражат стратегиите кои им се достапни на полицијата и на јавните обвинители за време на истрагата и судењето, како и да се разменат искуства и техники помеѓу учесниците од регионот.

## IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- **СТУДИСКИ ПОСЕТИ**

Продолжи и практиката на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители, како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија на студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции во странство.

Во текот на 2014 година Академијата реализира вкупно 26 студиски посети во странство со учество на 57 учесници, од кои:

## Студиски посети во 2014 година




## ➢ <u>ОБУКИ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ TAIEX ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА</u>

Соработката што Академијата ја воспостави со инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската унија продолжи и во текот на 2014 година. Така, со финансиска поддршка на инструментот TAIEX во 2014 година беа реализирани вкупно 6 настани на следните теми:

- Меѓународна соработка во граѓански и трговски спорови,
- Правда и судска медицина,
- Парнична постапка согласно националното законодавство на земјите-членки на ЕУ,
- Кривично-правни инструменти во ЕУ (со фокус на конфискација и одговорност на правни лица) – на оваа тема беа одржани 3 работилници, организирани во соработка со ИПА-проектот „Поддршка во спроведувањето на реформите во кривичниот систем“, компонента 2.

Во текот на 2014 година од страна на Академијата се поднесени 7 апликации за техничка помош при организирање одредени настани.

## ➢ <u>МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДА И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2014 ГОДИНА СОГЛАСНО ПОТПИШАНИОТ ТРИГОДИШЕН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА</u>

Унапредувањето на понатамошната француско-македонска соработка во областа на обуката на судии и јавни обвинители, во насока на продолжување на веќе воспоставената соработка меѓу Академијата за судии и јавни обвинители, Амбасадата на Република Франција во Република Македонија и Националната школа за магистранди (ЕНМ) Бордо-Република Франција, на полето на почетната обука, како и на полето на континуираната обука, продолжи успешно да се остварува и во 2014 година преку

организација на обуки и советувања, среднорочен студиски престој за млади судии и обвинители во Европскиот суд за човекови права во Стразбур, посети на Академијата од страна на кандидати од Правосудната академија на Република Франција, како дел од активностите што беа преземени согласно потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Академијата и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија.

Значајна придобивка што продолжи и во 2014 година е дадената можност за изучување на францускиот јазик. Реализацијата на оваа активност академијата ја започна во средината на септември 2012 година, при што беа формирани три групи слушатели во почетно ниво и една група во напредно ниво.

Во 2014 година Академијата, согласно потпишаниот Меморандум, организира 2 обуки, од кои една наменета за вработените во Академијата на тема: „Проектирање на центарот за судска обука“ и една обука за обучувачите и менторите, посветена на новите наставни методологии, како и 3 советувања посветени на „Слобода на изразување“ и „Финансиски истраги“. Академијата и во 2014 година беше домаќин на кандидат, стажант, од Правосудната академија на Република Франција.

Во периодот од 16 до 22 ноември 2014 година, како дел од студиската размена помеѓу двете правосудните академии, Академијата беше домаќин на четиричлена делегација од Република Франција.

Во рамките на оваа соработка беше реализирана и една исклучително значајна активност, а тоа е едномесечно стажирање во Европскиот суд за човекови права во Стразбур, на кое беше испратен судија од редовите на кандидите од Академијата. Од искуствата на судијата беше заклучено дека ваквиот вид стажирање има есенцијално значење за доследно почитување на судската практика на Европскиот суд, па затоа Академијата и во иднина ќе се залага за реализација на вакви престои.

На почетокот на 2015 година, како дел од оваа соработка, ќе бидат реализирани уште 3 советувања, а во периодот од 26 јануари до 13 февруари 2015 година Академијата повторно ќе овозможи реализација на стаж на кандидат од Правосудната академија на Република Франција ЕНМ од Бордо.

- **ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА**

Во соработка со Европскиот центар за судии и правници, европски институт за јавна администрација – ЕИПА, во текот на 2014 година се одржани 3 работилници на тема:
-„Европски судски постапки (Алтернативно решавање спорови)“
-„Семејно право во ЕУ”
-„Хармонизирање и имплементација на правото на ЕУ”.

Исто така, во рамките на соработката на Академијата со Европскиот центар за судии и правници, Европскиот институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, од

особено значење е тоа што Академијата во текот на 2014 година номинира 2 учесници на семинари во рамките на Каталогот на активности на ЕИПА, отворен за учество на учесници од други држави. Во тек е подготовка на долгорочен проект со ЕИПА за посебен модул за обуки за ЕУ-право и судската администрација.

- **ТУРСКА ПРАВОСУДНА АКАДЕМИЈА**

Како резултат на Меморандумот за соработка склучен помеѓу двете академии во 2011 година, чија цел е размена на искуства, на едукатори и ментори, како и усовршување на наставните техники, во 2014 година беа остварени две заемни посети на правосудните академии на Република Македонија и Република Турција.

Во јуни 2014 година Академијата за судии и јавни обвинители беше домаќин на турската правосудна академија претставувана од претседателот на Академијата, Јилмас Акчил, како и членови од врховниот суд на Турција, судии, високи претставници на државниот совет и членови на судската академија. На оваа средба посебно беа разгледани наставните техники кои ги користи Академијата на Турција за нивната почетна обука и начинот на влез на идните судии и обвинители во правосудната професија, како и достигнувања на планот на компјутерската технологија, бидејќи Турција е особено напредната во процесот на компјутеризацијата на судството.

Со Правосудната академија на Турција се подготви детален работен план за 2015 година.

## X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Академијата и во 2014 година продолжи да ја усовршува работата на постојниот софтвер во насока на создавање ефикасен компјутерски систем кој пред сè ќе служи за полесно управување со внатрешните процеси и активности на Академијата, а воедно ќе ја обезбеди неопходната функционалност за лесно и едноставно секојдневно одржување и ажурирање на содржините на интернет-локацијата, како и лесно поврзување со другите интерни софтверски системи.

Во текот на 2014 година Академијата, следејќи ги модерните наставни технолошки методи за успешна реализација на Програмата за почетна обука, воведе нов начин на полагање приемен испит за влез во почетна обука, кој ќе обезбеди независност, објективност и транспарентност. Имено, испитот ќе се полага по електронски пат, во просторија за полагање испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет-врска и опрема за снимање на полагањето. Полагањето на испитот ќе се снима и во живо ќе се емитува на веб-страницата на Академијата за судии и јавни обвинители. Електронскиот систем содржи и јавно достапна база од најмалку 2000 прашања и истиот е дизајниран да генерира различен тест за секој кандидат.

## XI БИБЛИОТЕКА

За потребите на своите корисници библиотеката го промени своето внатрешно софтверско решение и овозможи поедноставен, побрз и полесен пристап до библиотечниот фонд, притоа менувајќи го и комплетно библиотечниот интерфејс, со што се променија и се зголемија услугите што се нудат, од една страна, додека од друга страна, и покрај процесот на мануелна обработка на публикациите кои го сочинуваат библиотечниот фонд, се доби попрегледен и подобро организиран библиотечен фонд. Сепак, под притисок на модерните библиотечни трендови, библиотеката на Академијата ќе продолжи со надградување и усовршување на својата работа.

Библиотеката учествува и е дел од сите настани што се од суштинско значење за нејзиното функционирање и нејзините крајни корисници.

Во таа насока, библиотеката продолжи со континуираното збогатување на библиотечниот фонд со законски текстови, домашна и странска правна литература и стручни списанија, со што Академијата нуди широк спектар на правни текстови, како и линкови на бази на податоци што ги објавува на веб-страницата.

Оттука, библиотеката го збогати библиотечниот фонд со уште неколку нови публикации во чија подготовка, промоција и дистрибуција активно учествуваше, а станува збор за:

- Публикација со наслов „Примена на правото на ЕУ од страна на судовите на земјите од југоисточна Европа, кандидати за членство во ЕУ“, која беше промовирана од страна на Академијата во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ);
- Преводот на „Водич за членот 5-право на слобода и на безбедност“ и „Извештајот од истражувањето за позитивните обврски за земјите-членки согласно член 10 за заштита на новинарите и за спречување на неказнивоста“- промовиран во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ);
- Практикум за обука на професионалци кои постапуваат во случаи на семејно насилство и насилство врз деца – издадена од Академијата со поддршка на Програмата за развој на ОН (УНДП) во рамките на проектот „Превенција од семејно насилство преку компетентни национални институции и одговорен и транспарентен судски систем 2012-2014“, кој се спроведува заедно со UN Woman и Министерството за труд и социјална политика со финансиска поддршка на владата на Кралството Холандија;
- Промоција на Збирката меѓународни документи за независно и ефикасно судство – том 3, поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Следејќи ги заложбите на државата за успешна хармонизација на домашното законодавство со легислативата на Европската унија и меѓународните стандарди и нивна доследна имплементација од страна на националните правни практичари, посебно кога станува збор за Европската конвенција за човекови права и судската практика на Европскиот суд за човекови права, Академијата во соработка со Центарот AIRE од Лондон ја промовира Регионалната дата-база на судската практика на Европскиот суд за човекови права релевантна за државите од Југоисточна Европа, на која се постирани над 1000 пресуди, преведени на јазиците на регионот. Дата-базата обезбедува едноставно користење и пристап до јуриспруденцијата на ЕСЧП преку кратки прикази на предметите и нуди опции за пребарување по член од Европската конвенција за човекови права, по одредени вообичаени фактички ситуации и клучни зборови и концепти врзани за дадениот член, како и опција за напредно пребарување. На веб-страницата на Академијата се постирани и линковите преку кои може да се пристапи до дата-базата.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап до колку што е можно поголем број информации од областа на правото, Академијата на својата веб-страница во текот на целата година ги објавуваше билтените на Меѓународната академија за антикорупција – IACA, како и други релевантни текстови што беа испратени до Академијата од страна на експерти и практичари на правото, со кои е остварена одлична соработка. На веб-страницата на Академијата, како дел од соработката со Советодавниот совет на европските судии при Советот на Европа – CCEC и Европската комисија за ефикасноста на правдата, беа објавувани во континуитет сите релевантни документи донесени и усвоени од страна на овие две тела, преведени на македонски јазик.

Академијата на својата веб-страница продолжи да објавува корисни линкови со кои стручната јавност во Македонија ќе може да има пристап до колку што е можно повеќе документи, материјали, публикации, текстови и изданија од областа на правото.

Во насока на широко запознавање на стручната јавност во Република Македонија со работата на Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа и со работата на шефот на делегацијата, на веб-страницата на Академијата во датотека со наслов „GRECO“ редовно се објавуваа сите активности на шефот на делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, како и релевантни документи усвоени од ова тело. Значаен дел од овие документи е преведен и објавен на македонски јазик.

## XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **<u>БУЏЕТ</u>**

За 2014 година на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 34.946.000,00 денари.

Во текот на 2014 година, со ребалансот на буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители, од одобрениот буџет беа скратени средства во износ од 4.477.000,00 денари.

Од почетокот на 2014 година заклучно со 31 декември 2014 година Академијата

има реализирано 26.720.285,00 денари од својот буџет.

| **2014 година** | **Одобрен буџет 34.946.000,00** | **Ребаланс на буџет 30.469.000,00** |
|---|---|---|
| 401 Основни плати | 15.507.000,00 | 14.419.000,00 |
| 402 Придонеси | 6.389.000,00 | 5.000.000,00 |
| 420 Патни и дневни расходи | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 421 Комунални услуги | 2.700.000,00 | 2.000.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 1.000.000,00 | 800.000,00 |
| 424 Поправки и одржување | 450.000,00 | 350.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 7.450.000,00 | 6.600.000,00 |
| 426 Други тековни расходи | 1.000.000,00 | 900.000,00 |
| 480 Купување опрема | 250.000,00 | 200.000,00 |



## Буџет на Академијата за судии и јавни обвинители по години




- **<u>ЈАВНИ НАБАВКИ</u>**

Во текот на 2014 година Академијата реализира вкупно 23 јавни набавки:

– Постапка со барање за прибирање понуди – 21 постапка; и
– Постапка со преговарање без претходно објавување оглас – 2 постапки.

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, Државниот завод за ревизија спроведе ревизија на успешност – ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија, па беше констатирано дека Академијата ги има преземено мерките, политиките и конкретните активности за донесување на подзаконските и интерните акти, имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

## XIII СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процеси, кој Академијата го имплементира во текот на 2011 година, претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители која Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидување и планирање на потребниот број обуки, по области, со цел на сите целни групи да им се овозможи да го исполнат задолжителниот број денови обука за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Во поглед на статусот на јавните обвинители, во Советот на јавните обвинители на РМ не постои база на податоци која би ѝ користела на Академијата. Од таа причина, Академијата во текот на 2014 година почна постапка за добивање податоци за јавните обвинители. По добивањето на побараните податоци, од страна на стручната служба на Академијата истите ќе бидат внесени во базата на Академијата.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2014**
**Вкупно судии и јавни обвинители**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2014 година**
**Вкупно судии**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2014 година**
**Вкупно јавни обвинители**



## XIV ЕВАЛУАЦИЈА

Прашалниците за оценување на секој настан организиран во рамките на континуираната обука претставуваат еден од начините со кои Академијата може да добие податоци за успешноста на настанот. Со овие прашалници се добиваат податоци за успешноста на понудената програма, за успешноста на целиот настан и за квалитетот на излагањето на предавачите. Со нивно пополнување, Академијата е во можност да ги утврди ефектите од советувањето, може да се влијае во насока на подобрување на наставата на предавачите, а пошироко се добиваат информации и за потребите на целните групи.

Добиените податоци говорат за исклучително високо ниво на задоволство кај учесниците на обуките од начинот на кој тие се организираат, од изборот на темите и нивната корист за учесниците, како и од изборот на предавачите и начинот на кој истите го реализираат настанот. Ваквите податоци се дополнителен поттик за Академијата да продолжи во насока на континуирано подобрување на обуките, со цел задржување на квалитетот на истите.












## XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Со цел поуспешно и потранспарентно работење, а воедно и навремено информирање за сите позначајни активности, Академијата на својата веб-страница во текот на 2014 година објави повеќе од 370 постови (текстови и линкови), додека во соработка со
Македонската новинска агенција – МИА, од страна на МИА беа покриени повеќе од 36 настани на кои учествуваа правни експерти од земјата и од странство, национални и странски практичари на правото, како и високи претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија. Исто така, покрај МИА, дел од настаните беа медиумски покриени од страна на повеќе електронски и пишани медиуми од Република Македонија.

Тоа што е особено значајно, а говори дека Академијата за судии и јавни обвинители посветува големо внимание за широка промоција на својата институција и правосудниот систем на Република Македонија надвор од нејзините граници, е објавата на дел од реализираните активности на веб-страницата на Советодавниот совет на европските судии при Советот на Европа - CCEC.

Во 2014 година, согласно статистиките, забележана е зголемена посетеност на веб-страницата на Академијата, па така, оваа година веб-страницата имала над 70.000 прегледи и повеќе од 200.000 отворени постови, што укажува на тоа дека Академијата редовно ја обновува содржината на својата веб-страница, со што значително од година на година се зголемува интересот на граѓаните на Република Македонија за улогата и работата на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата, како: актите, организациската структура и организацискиот состав, програмите за обука, календарите на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

